**О П Ш Т И Н А     Г Е В Г Е Л И Ј А**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**29 Декември 2021 година, Гевгелија Бр.14**

Врз основа на член 21-б од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија” бр.64/05, 4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), член 23 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19, 53/21 и 77/21) и член 38 став 1 точка 43, а во врска со точка 4 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија” бр.25/2006, 8/2010, 18/2014, 13/2020, 2/2021, 3/2021 и 5/2021), Советот на Општина Гевгелија на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**За измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој наОпштина Гевгелија за 2022 година**

**Член 1**

Во Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година, бр.09-1709/1 од 15.11.2021 година, во член 2 во точка 4:

Во потточка 4.1. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛА);
Во потточка 4.2. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛБ);
Во потточка 4.3. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛЦ);
Во потточка 4.4. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛД);
Во потточка 4.5. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛМ);
Во потточка 4.6. Означувањето на потрограмата (ЈЛ) се заменува со (ЈЛР);

**Член 2**

Во член 2, по точка 4, се додава нова точка 5, која гласи:

5. Програма ЈМ - ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО - КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ, која се состои од следните развојни потпрограми:

5.1. Нов градски парк (ЈМА).

Точката 5, станува точка 6, а потточката 5.1 потточка 6.1.

**Член 3**

Прилозите за секоја посебна потрограма се заменуваат со нови Прилози.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Гевгелија’’.

Бр.09-2066/1
29.12.2021 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија

***Патрик Матх,с.р.***

# СОДРЖИНА

## АКТИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**1. Одлука за  измена и дополнување на Одлуката за одобрување на План на програми за развој на Општина Гевгелија за 2022 година ........................................................................................... стр.879**

“Службен гласник на Општина Гевгелија’’ Излегува по потреба
Уредува и издава : Општина Гевгелија-Одделение за стручно административни и општи работи